05 - 189/1
25.03.24

# ДОГОВОР
за јавна набавка на пченка во зрно

Склучен на ден 25.03.2024 година меѓу:

1. **Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје**, ул. 11 Октомври бр.23А 1000 Скопје, со даночен број 4030005570027 и жиро сметка број 300000002196407, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, претставувано од директорот Новица Зечевиќ во понатамошниот текст **договорен орган** и

2. **Друштво за земјоделство, трговија и услуги АГРО ПЛУС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Партизански Одреди бр. 153-мезанин/1 и 2 Скопје, даночен број 4030002466695, матичен број 5661986, претставувано од управителот Асен Дуковски во понатамошниот текст **носител на набавката.**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на стоки – пченка во зрно дадени во спецификацијата на тендерската документација, преку сукцесивни испораки според условите утврдени во поедноставената отворена постапка бр. 03912/2024 од 04.03.2024 година и прифатената понуда на носителот на набавката.

Предметните количини се ориентационо дадени при што Договорниот орган го задржува правото да изврши промена на предвидените количини.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната цена за набавка на стоки од член 1 предмет на овој договор изнесува 720.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 36.000,00 денари. Вкупната вредност на набавката со пресметан данок на додадена вредност 756.000,00 денари.

Договорниот орган и Носителот на набавката имаат право на промена на цената на предметната стока сметано од денот на поднесувањето на понудата и склучувањето на договорот доколку истата не е поголема од +/- 20 % од вредноста искажана во понудата.

Како релевантен доказ за промена на цената на стоката ќе се користат статистичките податоци за промената на цените на стоките објавени или со кои располага Државниот Завод за Статистика на Република Македонија или во прилог на фактурата да достави комплетна заверена документација за сите елементи кои ја формираат цената: основна цена, царински давачки (царинска декларација), доколку е од увоз, или фактура за набавна – производна цена доколку е од домашно производство, провизија и други останати трошоци.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни плаќањето на цената од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански, во рок од 120 дена од денот на извршување на сеукцесивната набавка и доставување на фактура.

Носителот на набавката фактурите заедно со испратниците во два комплета ги доставува во дирекцијата на адреса ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- СКОПЈЕ, на адреса на ул. 11 Октомври бр.23А 1000 Скопје. при што во фактурата - испратницата наведува каде е извршена набавката предмет на овој договор.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да:
- врши набавка во рокот определен во прифатената понуда
- предметната набавка ја врши сукцесивно согласно налозите од овластено лице на Договорниот орган.
- при секоја испорака од предметната набавка обезбеди сертификат за квалитетот на испорачаната количина на пченка

## V. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, УСЛОВИ И ВАЖНОСТ

Член 5

Извршувањето на договорот Носителот на набавката го гарантира со доставување банкарска гаранција, со која гарантира целосно, навремено и квалитетно исполнување на обврските според условите на овој договор.

Носителот на набавката е должен во рок од 10 (десет) дена од денот на потпишувањето на договорот, да му достави на договорниот орган, банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на договорот, со што безусловно гарантира целосно, квалитетно, совесно и навремено извршување на обврските по овој Договор.

Банкарската гаранција за извршување на Договорот важи до целосно извршување на обврските од страна на Носителот на набавката и истата договорниот орган може да ја активира и за време на важењето на договорот и по раскинувањето на договорот поради неисполнувањето на обврските што произлегуваат од овој договор.

Недоставувањето на банкарската гаранција од став 1 на овој член претставува основ за раскинување на овој Договор. Договорниот орган во овој случај го задржува правото на договорна казна и надомест на штета од член 8 од овој Договор.

## VI. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 6

Квалитативен и квантитативен прием врши овластено лице на Договорниот орган по документ потпишан од двете страни. Договорниот орган го задржува правото на рекламација при приемот на стоката.

Носителот на набавка на предмената стоката за секоја испорака е должен на Договорниот орган да му достави сертификат (санитарен извештај) за исправноста и рокот на употреба на пченката.

Предвидените количини според наведената спецификација се максимални при што Договорниот орган го задржува правото да изврши промена на договорените количини предвидени во наведената спецификација.

## VII. РОК НА ИСПОРАКА

Член 7

Договорните страни се согласни испораката да биде сукцесивна, ф-ко склад во Фазанерија Катланово, најдолго во рок од 7 дена од денот на писмена нарачка од Договорниот орган.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Договорниот орган има право да го раскине договорот поради неисполнување на обврските на Носителот на набавката, а особено:

- доколку Носителот на набавката не ја достави банкарската гаранција во договорениот рок,
-доколку Носителот на набавката, неоправдано доцни со испораките или ја отежне испораката на предметната стока,
- доколку испорача стока која не одговара , односно е неквалитетна или е несоодветна со спецификацијата

Договорниот орган по констатирање на настапување на некоја од причините за раскинување на договорот, писмено ќе го предупреди носителот на набавката во дополнително оставениот рок од 2 дена, да ја отстрани причината.

Доколку Носителот на набавката и во дополнително оставениот рок не ја отстрани причината за раскинување, Договорниот орган може да го раскине договорот и тоа писмено ќе му го соопшти на носителот на набавката. За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Носителот на набавката.

Во случај на раскинување на договорот поради причините наведени во став 1 од овој член, Носителот на набавката е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во износ од 20% од вкупната вредност на Договорот.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Договорниот орган заради раскинување на договорот е поголема од договорената казна од став 4 на овој член Договорниот орган има обврска да му ја надомести на Договорниот орган разликата до целосниот надомест на штета.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 9

Договорот се склучува на одредено време за период од една година од денот на потпишување на договорот од договорните страни.

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за Облигационите односи.

Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 11

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република Македонија, како и Законот за Јавни набавки.

Член 12

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 13

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои 2 примероци задржува Договорниот орган, а 2 примероци се за Носителот на набавката .

Договорен орган
ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- СКОПЈЕ
Директор
м-р Новица Зечевиќ

Носител на набавка
**АГРО ПЛУС ДООЕЛ Скопје**
Управител
Асен Дуковски

Друштво за земјоделство, трговија и услуги АГРО ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ